Република Северна Македонија
**Министерство за економија**
**Биро за метрологија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**
**Byroja për metrologji**

**Број** 0302-3210/11

**Датум** 09.12.2021

Врз основа на член 51, став (1) од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 71/14, 199/14, 48/15, 154/15, 51/16, 142/16, 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија на ден 09.12.2021 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За избор на прворангирани кандидати по распишаниот Интерен оглас бр. 02/2021 за унапредување на државни службеници, објавен од страна на Министерство за економија-Биро за метрологија

1. За унапредување на работното место под реден број **1 УПР 01 01 Г01 000, Ниво Г1, Самостоен референт за верификација на посебни мерила во Одделение за верификација, Сектор за верификација, скапоцени метали и хомологација на возила,** на Интерниот оглас бр. 02/2021 се избира прворангираниот кандидат Аљил Осман.

2. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

3. Оваа одлука да се објави на веб страната и на огласната табла на Министерство за економија-Биро за метрологија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

По интерниот оглас бр. 02/2021 објавен на ден 26.11.2021 год. на веб страниците на Министерство за економија-Биро за метрологија и Агенцијата за администрација за унапредување на државни службеници на следното работно место:

**1 УПР 01 01 Г01 000, Ниво Г1, Самостоен референт за верификација на посебни мерила во Одделение за верификација, Сектор за верификација, скапоцени метали и хомологација на возила**

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со решение бр. 0302-3210/6 од 06.12.2021 год. изврши административна селекција на пријавените кандидати и бодување, по што изготви Записник за административна селекција, по што веднаш се продолжи со втората фаза-спроведување на интервју. Согласно член 51, став (5) од Законот за административни службеници, за работното место бр. 1 Комисијата спроведе интервју со единствено пријавениот кандидат Аљил Осман, кој ги исполнува условите од огласот, пропишани со Законот за

административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Министерство за економија-Биро за метрологија бр. 0402-3285/1 од 30.10.2015 год.

Врз основа на освоените бодови од административната селекција и интервјуто, Комисијата изготви Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и на Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија му достави предлог за избор на прворангираниот и единствен кандидат за наведеното работно место, по што Директорот на Министерство за економија-Биро за метрологија донесе Одлука за избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од 8 дена, од денот на објавување на Одлуката на огласната табла на Министерство за економија-Биро за метрологија.

**Директор/Drejtori**

**Merita Mustafai**

Изработил: Михајло Мишковски, раководител на одделение за човечки ресурси